Врз основа на член 16 и 77 од Законот за рибарство и аквакултура ("Службен весник на Република Македонија" бр.7/08, 67/10, 47/11, 53/11, 95/12, 164/13 и 116/14) и дел IV од Програмата за финансиска поддршка во рибарството и аквакултура ("Службен весник на Република Македонија" бр.194/14), Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство објавува

**ЈАВЕН КОНКУРС**
**за изработка на риболовни основи**

## I. ПРЕДМЕТ

1. Предмет на овој јавен конкурс е изработка на риболовни основи за риболовните води :

- Охридско Езеро,
- Преспанско Езеро,
- Дојранско Езеро.

2. Предмет на овој јавен конкурс е изработка на риболовни основи за риболовните води вештачки езера - акумулации:

- Тиквешко Езеро,
- Стрежево,
- Слатино,
- Младост,
- Мавровица,
- Глобочица,
- Матка,
- Липково,
- Глажња,
- Ратево (Беровско Езеро),
- Паљурци,
- Козјак,
- Мантово,
- Конче 1 и 3,
- Шпилје,
- Турија,
- Водоча,
- Калиманци,
- Црничани
- Градче
- Пишица

3. Предмет на овој јавен конкурс е изработка на риболовни основи за риболовните води:

- Слив на Црн Дрим,
- Слив на Река Треска,
- Слив на Струмица,
- Слив на Пчиња,
- Слив на Вардар – Горно течение,
- Слив на Вардар – Средно течение,
- Слив на Вардар – Долно течение,
- Слив на Река Брегалница,
- Слив на Преспанско Езеро
- Слив на Охридско Езеро.

Риболовните основи се изработуваат согласно Правилникот за содржината на риболовната основа (“Сл. Весник на РМ” бр.54/2008) а особено содржат:

- податоци за риболовната вода;
- основни хидрографски, физичко-хемиски и биолошки карактеристики на риболовната вода;
- видови и количини на рибите - ихтиомаса;
- мерки за заштита и одржување на рибите;
- количини на дозволен лов по видови риби;
- време во кој е дозволен лов на рибите и најмалата големина на рибите под која не смеат да се ловат по видови;
- минимум и максимум риболовни средства;
- програма на порибување (време, количина и видови на риби)
- мерки за заштита на природните плодишта;
- економска основа за користење на риболовната вода со предлог за висина на надомест;
- организација на рибочуварска служба и
- определување на риболовни подрачја, риболовни зони, риболовни ревири и рекреативни зони и модел за стопанисување.

Предметот на јавниот конкурс е деллив по точки.
Понудувачот при конкурирањето треба да ги опфати сите алинеи наведени во една точка по предметот на јавниот конкурс.

## II. ПРАВО НА УЧЕСТВО

Право на учество на јавниот конкурс имаат овластените установи за вршење на работи од областа на рибарството согласно Законот за рибарство и аквакултура (“Сл.Весник на Република Македонија” бр.7/08, 67/10, 47/11, 53/11, 95/12, 164/13 и 116/14).

## III. РОК НА ИЗРАБОТКА

Максималниот рок на изработка на финалната верзија на риболовните основи е 120 дена од денот на склучување на договорот со министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство врз основа на извршениот избор на овластена установа. Во рамките на овие 120 дена, пред донесување на риболовните основи, понудувачот е должен да ја запознае јавноста со содржината на нацртот на риболовните основи .

## IV. ИЗНОС НА СРЕДСТВА

Максималниот износ на средства предвиден за изработка на риболовните основи од дел I на овој јавен конкурс изнесува 2 300.000,00 (два милони и триста илјади) денари. Максималниот износ за секоја риболовна основа изнесува 67 500 (шеесет и седум илјади и петстотини) денари.

Максималниот износ за авансна исплата изнесува 20% од понудената цена.

## V. ПОСТАПКА И КРИТЕРИУМ ЗА ИЗБОР

Постапката за избор на најповолен понудувач ќе се спроведе и доколку на конкурсот конкурира само еден понудувач.
Постапката ја спроведува комисија формирана од министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство.
Критериум за избор на најповолен понудувач се
- најниска понудената цена за изработка

Предност во изборот ќе има понудувачот кој ќе конкурира за повеќе точки од јавниот конкурс.

## VI. НАЧИН НА ДОСТАВУВАЊЕ НА ПОНУДИТЕ

Понудата се доставува во еден оригинален примерок заверен и потпишан од страна на одговорното лице на понудувачот. Кон понудата се доставува тековна состојба на овластеното правно лице издадена од Централен регистар.

Понудата се доставува во затворен плик преку пошта на адреса: Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, ул. Аминта Трети број 2, 1000 Скопје, или со предавање во архивата на министерството секој работен ден 9.00 до 15.00 часот. На предната страна на пликот во горниот лев агол да пишува “НЕ ОТВОРАЈ”, а под тоа за јавен конкурс за изработка на риболовни основи.

Крајниот рок на доставување на понудата е најдоцна 15 дена од денот на објавување на јавниот конкурс вклучувајќи го и денот на објавување. Понудите кои нема да бидат доставени во предвидениот рок нема да бидат разгледувани.

Понудите кои нема да ги содржат бараните податоци на овој јавен конкурс, ќе се сметаат за некомплетни и нема да се разгледуваат.

Образецот на понудата може да се подигне во архивата на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

Тел: ++ 389 2 3 144 477

**Република Македонија**
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО,
ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО
СКОПЈЕ

**О Б Р А З Е Ц**
**на понуда за изработка на риболовни основи**

1. ПОДАТОЦИ ЗА ПОНУДУВАЧОТ

*НАЗИВ НА ПОНУДУВАЧОТ*:
______________________________________________________________

2. ПОДАТОЦИ ЗА КОНТАКТ:

Адреса ______________________
Телефон / факс: ______________________
Емаил: ______________________

3. ОВЛАСТУВАЊЕ ЗА ВРШЕЊЕ НА РАБОТИ ОД ОБЛАСТА НА РИБАРСТВОТО СОГЛАСНО ЗАКОНОТ ЗА РИБАРСТВО

| Број на решение | Датум на издавање на решението |
| --- | --- |
| ____________________________ | ____________________________ |

4. ЦЕНА НА ИЗРАБОТКА ________________________

*ОДГОВОРНО ЛИЦЕ*

| Име и презиме | Потпис |
| --- | --- |
| ____________________________ | ____________________________ |

М. П.